Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**Годишен финансиски извештај за 2024 година**

Во 2024 година, буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, кој се води како програма 20, согласно Буџетскиот циркулар за 2024 година е проектиран со вкупна вредност од 61.173.828 денари, од кои од страна на Министерство за финансии при креирање на Буџетот за 2024 година на програмата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се проектирани 30.371.000 денари.

Со цел поефикасно извршување на програмата за работа на Комисијата, реализирањето на стратешките приоритети и активности предвидени за 2024 година, како и овозможување на непречено функционирање на Стручната служба, се наметна потреба од одредени пренамени, и тоа на ставките предвидени за купување на опрема и машини (+285.000), вложување и нефинансиски средства (+90.200), за сметка на кои се одземени средства од ставките за материјали и ситен инвентар (-60.000), тековно одржување (-90.000), договорни услуги (-135.000) и други тековни расходи (-90.200).

Министерството за финансии на почетокот на третиот квартал, достави барање за прераспределба на средства, односно намалување или зголемување на истите од буџетот за 2024 година. Извршено е зголемување на ставката за плати и надоместоци и намалување на ставката за купување на опрема и машини и на ставката за вложување и нефинансиски средства. Поради одземањето на средства од ставката за купување на опрема и машини, Комисијата, и покрај пријавен договор на платформата на Министерството за финансии, по спроведена постапка за јавна набавка беше доведена во сосотојба да не е во можност во рокот предвиден во договорот да изврши плаќање на веќе реализираниот договор,

Со ребалансот на буџетот за 2024 година, извршено е намалување на Буџетот на Комисијата за 2024 година во износ од 2.173.000 денари, а зголемување во износ од 3.098.000 денари.

На барање на Министерството за финансии во четвртиот квартал доставена е табела со податоци за прераспределба на финансиски средства помеѓу буџетските корисници и фондовите. Од страна на Собранието, одобрено е барањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ги добие средствата (кои беа одземени од соодветната ставка) заради исплата на доспеаните обврски и неисплатените обврски по реализирани договори со што вкупниот буџет за 2024 година достигна износ од 31.962.000 денари.

Во продолжение табеларен преглед на доделените, планираните и потрошените средства по ставки, во текот на 2024 година, вклучувајќи и процент на реализација:

| Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Буџет | План | Потрошени средства | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни плати | 401 | 18.992.000 | 18.939.317 | 18.939.149 | 99,72 |
| Придонеси за социјално осигурување | 402 | 7.372.000 | 7.361.210 | 7.354.007 | 99,76 |
| Надоместоци | 404 | 275.000 | 209.421 | 209.421 | 76,15 |
| Патни и дневни расходи | 420 | 600.000 | 600.000 | 599.877 | 99,98 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 1.300.000 | 1.300.000 | 1.280.939 | 98,53 |
| Материјали и ситен инвентар | 423 | 199.547 | 199.547 | 199.362 | 99,91 |
| Поправки и тековно одржување | 424 | 260.000 | 260.000 | 258.843 | 99,56 |
| Договорни услуги | 425 | 808.000 | 808.000 | 804.280 | 99,54 |
| Други тековни расходи | 426 | 361.000 | 361.000 | 358.188 | 99,22 |
| Исплата по извршни исправи | 465 | 348.000 | 347.228 | 347.228 | 99,78 |
| Купување на опрема и машини | 480 | 1.109.453 | 1.109.453 | 1.109.113 | 99,97 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 337.000 | 337.000 | 337.000 | 100,00 |
| **ВКУПНО** | | 31.962.000 | 31.832.176 | 31.797.407 | 99,49 |